СИНДИКАТ
УПОЗ
СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ
И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Скопје, ул. "12 Ударна бригада" бр. 2а,
тел./факс: 02/3126-351; 3230-829 www.upoz.org.mk e-mail: info@upoz.org.mk

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. ____________
____________ 200 _ год.
СКОПЈЕ

До
--------------------------

Предмет: Најава/известување за прекин на работниот процес на органите на државната управа и правосудството

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Р. Македонија (УПОЗ) од моментот на најавување на новиот износ на минималната плата, одржа голем број состаноци со своите членови на кои беше искажувана потребата од усогласување на износот на останатите плати со порастот на минималната плата.

Синдикатот на УПОЗ овој став на своите членови го искажуваше и на сите седници на Економско - социјалниот совет, а одржа и работни средби и со ресорните Министри од Владата на Р.С. Македонија, на кои се укажуваше дека вработените во администрацијата и правосудството се единствени вработени во јавниот сектор на кои во изминатиот период не им се зголемени платите, единствените во државата кои се уште добиваат плата под минималната плата и предупредивме за огромното незадоволство кое ќе настане доколку не се изврши усогласување на нивните плати со порастот на минималната плата.

За жал напорите на Синдикатот на УПОЗ не успеаа, и во Предлог - измените на Законот за административните службеници не се предвиде скалесто усогласување на платите со порастот на минималната плата.

Бидејќи не најдовме заедничко решение за барањата, на проширена седница на Претседателството на Синдикатот одржана на 30.03.2022 година, се донесе одлука со која на 07-08.04.2022 година, сите институции во кои Синдикатот на УПОЗ има свои синдикални организации ќе има предупредувачки прекин на работниот процес во траење од два часа, во знак на незадоволство од предлозите односно не усогласувањето на платите на вработените со минималната плата.

Барањата на Синдикатот на УПОЗ се измени на Законот за административните службеници и сите посебни закони кои ги регулираат платите на вработените во управата и правосудството, за измена на начинот на пресметка на платите и зголемување на платите во износ од 2.800,00 денари за сите вработени во управата и правосудството, вклучувајќи ги и избраните и именуваните функционери.

Синдикат на УПОЗ
Претседател
Трпе Деаноски